РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел. +389 (0)2 3246 550 факс +389 (0)2 321 51 12 http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28-3/135/11 од 10.08.2022 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.32/2020), Општина Гази Баба, го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

Се известуваат сите заинтересирани граѓани, правните лица, државната управа,научните и стручните организации, дека Општина Гази Баба води постапка за добрување на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за дел од КП 1542 КО Раштак (која целосно е во приватна сопственост), со намена А4.3 -викенд куќа.

Просторот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот проект се наоѓа на територијата на Општина Гази Баба, југоисточно од село Раштак, до кој се пристапува преку некатегоризиран земјен пат и и стиор се наоѓа вон опфат на урбанистички пан. Во рамките на границите на проектниот опфат влегува источниот дел од КП 1542 КО Раштак.
Граница на плански опфат:

- На север оди по граница на КП 1542
- На запад оди низ КП 1542(ја сече)
- На југ оди низ КП 1542(ја сече)
- На исток се затвора со границата на катастарската парцела 1542.

Границите на проектниот опфат се прикажани во графичкиот дел на оваа соопштение. Површината на проектниот опфат изнесува 708,86 $m^2$, односно 0,71 ha.

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за дел од КП 1542 КО Раштак, со намена А4.3 -викенд куќа, Општина Гази Баба - Скопје, ќе биде објавен на веб страната на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk) и изложен во просториите на Општина Гази Баба барака 8 соба 73а, во рок од 15 дена и тоа почнувајќи од 11.08. 2022 год. до 26.08.2022 год., секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот, во кој период може да се доставуваат евентуални забелешки преку анкетни листови.

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставаат забелешки, предлози и мислења преку информациски систем е-урбанизам или архивата на Општина Гази Баба.

Раководител на сектор
Благица Блажевска, диа